| Назив на СЗ | **Оператор со технолошки процеси за обработка на дрво и плочи** |
|---|---|
| **Код на СЗ** | **1420.40.03** |
| **Сектор** | ШУМАРСТВО И ОБРАБОТКА НА ДРВО |
| **Ниво на сложеност на работни задачи** | IV (четврто) |
| **Опис на занимањето** | Со стандардот на занимањето Оператор со технолошки процеси за обработка на дрво и плочи, се дефинираат потребните знаења, вештини и компетенции на ова занимање за извршување на работни активности во областа на обработката на дрво. Операторот со технолошки процеси за обработка на дрво и плочи, ја планира, подготвува, организира и го контролира квалитетот на изработката на финалните производи од дрво и плочи. Операторот, може да работи во производствен капацитет или како независен претприемач. Тој ја чита и изработува работната документација; ја определува постапката за индивидуална изработка на финални производи од дрво и плочи; ги подготвува и го сортира дрвото, производите од дрво и другите материјали; изработува елементи, конструкции, полупроизводи и готови производи од групите на мебел, градежна столарија и специјални производи; површински ги обработува елементите, конструкциите, полупроизводите и столарските производи; ги составува и монтира полупроизводите и производите; одржува и врши помали и поголеми поправки на производите; ја пополнува и ја пресметува технолошката и техничката документација за производите; набавува основен и помошен материјал и врши продажба на готовиот производ; ги контролира материјалите, производите и својата работа; комуницира со соработниците и клиентите; се заштитува себеси и соработниците од повреди и штетни влијанија врз околината. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| **1.** | Планирање и организирање работни активности | Планира потребен материјал за работа | 1. Подготвува техничко-технолошка документација;<br>2. Планира оптимални залихи на потребните репроматеријали;<br>3. Набавува потребни репроматеријали. |
| | | Прима репроматеријали и го проверува квалитетот | 1. Прима потребни репроматеријали;<br>2. Врши квантитативна и квалитативна проверка на репроматеријалите. |
| | | Класифицира и складира репроматеријали | 1. Класифицира репроматеријали согласно видот и типот;<br>2. Складира репроматеријалите според видот и типот. |
| **2.** | Подготовка за работа | Подготвува работни места за отпочнување со производство | 1. Ги познава видовите на технолошките процеси и ја организира работата;<br>2. Определува средства за работа;<br>3. Одбира соодветен алат и опрема за започнување на обработката;<br>4. Проверува и проценува исправност на алатите и опремата;<br>5. Проверува и проценува исправност на заштитните средства; |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | 6. Приспособува (штелува) машини за работа;<br>7. Транспортира материјал до работни места;<br>8. Складира обработен материјал на соодветно место;<br>9. Работи согласно упатства за работа и заштитни мерки при работа |
| | | Изработува и применува техничка и технолошка документација | 1. Прима и чита техничка документација;<br>2. Изработува работен налог и технички опис;<br>3. Изработува кројна шема и нормативи на материјалите. |
| **3.** | Оперативни активности | Подготвува и сортира дрво, дрвени плочи и помошни материјали | 1. Врши конструктивна и детална разработка на производите;<br>2. Избира и подготвува дрво и плочи според барањата на работната документација;<br>3. Ги анализира и споредува механичките, естетските и технолошките карактеристики на дрвните видови  и плочите;<br>4. Почитува стандарди за квалитет на дрвото и плочите;<br>5. Сортира обработеното дрво и плочи според димензија и квалитет. |
| | | Изработува елементи, конструкции, полупроизводи и производи | 1. Организира работа во производствените погони за финална обработка на дрвото (мебел, градежна столарија и друго);<br>2. Применува технологија на изработка на останати производи од дрво (галантерија, спортски реквизити, музички инструменти и друго);<br>3. Изработува проекти за мебел;<br>4. Управува со машини за обработка на дрво и плочи ( кружни пили, лентовидни пили, рамналки, деблари, глодалки, машини за брусење, кантирање итн.);<br>5. Приспособува машини за обработка на дрво и плочи;<br>6. Крои елементи за производи од дрво и плочи;<br>7. Управува со ЦНЦ машини и ја контролира нивната работа (внесува програма, ја тестира програмата и ја контролира работата на машината);<br>8. Избира машини и брусни средства;<br>9. Бруси елементи за израмнување според дебелина и фино  брусење за израмнување на површинската рапавост;<br>10. Фурнира неоплеменети плочи (по површината и рабовите);<br>11. Изработува елементи од фурнир со шаблони и преси; |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | 12. Рамне елементи од дрво на соодветни ма шини за таа операција;<br>13. Дупчи елементи;<br>14. Применува технологија на лепење и ги знае карактеристиките на лепилата;<br>15. Лепи елементи по должина, ширина и де белина;<br>16. Составува делови од дрво и плочи;<br>17. Применува техники за оптимално искористување на материјалот за обработка ( не создава големи отпади) |
| | | Површински обработува елементи, конструкции, полупроизводи и производи | 1. Применува различни начини за нанесува ње на материјали за површинска обработка;<br>2. Ги познава материјалите за површинска обработка и нивните карактеристики (боја, лак, бајц, масло, восок);<br>3. Одбира најсоодветен материјал за површинска обработка според видот, квалитетот и нијансата;<br>4. Применува различни техники на нанесување материјали за површинска обработка;<br>5. Површински ги обработува елементите. |
| | | Составува и монтира полупроизводи и производи. | 1. Составува полупроизводи;<br>2. Монтира окови и механизми;<br>3. Монтира (склопува) готов производ;<br>4. Проверува функционалност на готов производ |
| | | Раководи со група, одделение или производствена единица | 1. Води група на работници;<br>2. Води одделение или производствена единица; |
| | | Одржува, контролира и поправа производи | 1. Ја утврдува состојбата на елементите и производот;<br>2. Врши поправки на елементите и производот(крпење, замена на делови, коригирање на површинската обработка);<br>3. Чисти готови производи;<br>4. Врши влезна, операциска, меѓуфазна и завршна контрола на квалитетот |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
| --- | --- | --- | --- |
| | | Пакува и транспортира готови производи | 1. Ги знае амбалажите и начинот на пакување на производите;<br>2. Пакува готови производи;<br>3. Подготвува производи за транспорт (палетизирање)<br>4. Транспортира готови производи до одредена локација |
| **4.** | Комерцијални активности | Набавува основен и помошен материјал | 1. Набавува основен и помошен материјал;<br>2. Прави спецификација на трошоци;<br>3. Пресметува процент на искористување на материјалот и времето. |
| | | Изработува понуда | 1. Пресметува цена на чинење на производ;<br>2. Пресметува продажна цена на производот во согласност со барањата на купецот;<br>3. Составува оптимална понуда |
| | | Организира испорака на производи | 1. Се грижи за лагерот во складиштето;<br>2. Организира испорака до купецот;<br>3. Го испитува пазарот и ги познава основите на маркетингот |
| **5.** | Административни активности | Пополнува работна документација | 1. Подготвува извештаи во врска со работните налози;<br>2. Изработува потребна документација во врска со продажбата (испратница, фактура итн.) |
| | | Пополнува магацинска документација | 1. Изготвува документ за прием на роба во магацин од добавувач, од производство и од друг магацин;<br>2. Изготвува документи за издавање на роба на клиент, во производство и во друг магацин. |
| | | Архивира документација | 1. Соодветно ја архивира севкупната документација. |
| **6.** | Активности за осигурување на квалитет | Контролира квалитет и учинок во согласност со стандардите и нормативите | 1. Го контролира квалитетот на репроматеријалите;<br>2. Се грижи за точноста и брзината на обработката во текот на производството<br>3. Контролира квалитет на готов производ дали е во согласност со барањата за квалитет;<br>4. Манипулира со готовиот производ и дава информации за понатамошно манипулирање и користење на производот;<br>5. Обележува несоодветни производи и дава предлози и совети за нивно решавање |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **7.** | Одржување и поправање опрема | Тековно ги одржува машините и уредите и подготвува алати за работа | 1. Се грижи за техничката состојба машините и алатот;<br>2. Врши полесни поправки на алатот и машините според упатствата на производителот;<br>3. Идентификува најчести причини за предизвикување дефектите и оштетувања на алатот и машините;<br>4. Локализира дефекти. |
| **8.** | Комуникација | Комуницира со соработниците | 1. Собира и проследува информации за работен процес;<br>2. Соработува со работниците и раководителот;<br>3. Раководи со одредена група на луѓе |
| | | Комуницира со странките и нарачателите на производите и услугите | 1. Комуницира со надворешните изведувачи, нарачатели и добавувачи<br>2. Користи стручна терминологија;<br>3. Се справува со жалбите и рекламациите на клиентите;<br>4. Користи традиционална и информатичка технологија за комуникација |
| **9.** | Здравје, безбедност и заштита при работа и животната средина | Применува мерки за лична заштита и заштита на работната средина и вработените | 1. Се грижи за чистотата и редот на работното место;<br>2. Применува заштитните средства (ХТЗ опрема);<br>3. Користи ПП апарати и ги познава истите;<br>4. Почитува правила и упатства за безбедност и здравје при работа |
| | | Заштита на пошироката околина од негативното влијание на материјалите и работните средства | 1. Сортира отпаден материјал, во согласност со прописите за заштита на животната средина;<br>2. Почитува пропишани барања и законски прописи за безбедност и здравје при работа, заштита на околината и заштитата од пожари. |

| **Знаење за занимањето / Вештини за занимањето** |
|---|
| **Знаење за занимањето:**<br>• Изработува работна документација;<br>• Определува технолошки процес за индивидуална изработка на производи од дрво и плочи;<br>• Разработува конструктивно проекти;<br>• Познава соодветни компјутерски програми за изработка на проектна и конструктивна документација;<br>• Идентификува знаци, симболи потребни за изработување на шеми на кроење на материјалите; |

- Познава принципи на набавка на потребни видови и количини на материјали;
- Набавува потребни алати за производство;
- Нормира работа и спроведува норми за работа
- Избира и утврдува редослед на работните операции;
- Подготвува и сортира дрво, плочи и другите материјали;
- Изработува елементи, конструкции, полупроизводи и готови производи од групите на мебел, градежна столарија и специјални производи;
- Површинско обработува елементи, конструкции, полупроизводи и столарски производи;
- Објаснува за начините на составување и монтирање на полупроизводи и производите;
- Архивира документација;
- Контролира квалитет учинок во согласност со стандардите и нормативите;
- Комуницира со соработници;
- Комуницира со странки и нарачателите на производите и услугите;
- Применува лична заштита и заштита на работната средина и вработените;
- Познава начини на заштита на пошироката околина од негативното влијание на материјалите и работните средства
- Одржува и врши помали и поголеми поправки на производите;
- Пополнува и пресметува технолошка и техничка документација за производите;
- Набавува основен и помошен материјал;
- Продава готови производи;
- Контролирање на материјалите, производите и работата;

**Вештини за занимањето:**

- Планира оптимални залихи на потребните репроматеријали;
- Набавува потребни репроматеријали;
- Врши прием на потребните репроматеријали;
- врши квантитативна и квалитативна проверка на репроматеријалите
- Врши класификација и складирање на репроматеријалите според видот и типот;
- Определува средства за работа;
- Одбира соодветен алат и машини за обработка на дрво и плочи;
- Проверува и проценува исправност на алатот и опремата;
- Проверува и проценува исправност на заштитните средства
- Приспособува (штелува) машини;
- Организира транспорт на материјал до работното место;
- Складира обработен материјал на соодветно место;
- Избира дрво и плочи според барањата на работната документација;
- Сортира обработено дрво и плочи според димензии и квалитет;
- Крои елементи за производи од дрво и плочи;
- Избира машини и брусни средства;
- Бруси елементи за израмнување според дебелината и фино брусење за израмнување на површинската рапавост;
- Фурнира неоплеменети плочи (по површината и рабовите);
- изработува елементи од фурнир со шаблони и преси;
- Врши рамнење на елементите од дрво на соодветни машини за таа операција;
- Дупчи елементи;
- Лепи елементи по должина , ширина и дебелина;
- Одбира материјали за површинска обработка (боја, лак, бајц, масло, восок);
- Составува полупроизводи и склопува готови производи;
- Врши монтажа на оковите и механизмите;
- Проверува функционалност на готов производ;
- Пакува готови производи;

- Подготвува производ за транспорт (палетизирање);
- Пресметува  продажна цена на производот;
- Изработува потребна документација во врска со продажбата (испратница, фактура итн.);
- Контролира квалитет на репроматеријалите, полупроизводите и готовите производи;
- Применува заштитни средства (ХТЗ опрема) и ПП апарати;
- Сортира отпаден материјал, во согласност со прописите за заштита на животната средина;
- Ги почитува пропишаните барања и законските прописи за безбедност и здравје при работа, заштита на околината и заштитата од пожари.

| | |
|---|---|
| **Клучни компетенции** | **Комуникација на мајчин јазик.**<br>Способен е да објаснува изглед, функционалност и економичност на производите од дрво и плочи, идејни решенија, како и карактеристики на материјалите за изработка на производите. Може да се изразува усно и во писмена форма, да користи електронска комуникација и да остварува јазична интеракција со вработени, надворешни соработници и со странки/клиенти. Способен е да користи различни видови на документација, технички помагала при комуникација, да пребарува, собира и обработува информации и да користи професионален речник.<br><br>**Комуникација на странски јазик**.<br>Способен е да користи странски јазик со цел компетентно да го следи напредокот во дизајнот на внатрешното уредување и да го надградува своето знаење и вештина во сферата на стручната терминологија<br><br>**Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата**<br>Во решавањето на задачи и пресметки, утврдување на цена врз основа на дадените понуди и утврдување на потребен материјал според дадени цртежи. Користи и работи со техничко-технолошки алатки.<br><br>**Дигитални компетенции**<br>Способен е да користи компјутерска техника, Microsoft Office (Word, Excel), Auto CAD.<br><br>**Учење како се учи**.<br>Способен е да стекне, обработи и усвои ново знаење и вештини заради личен напредок и унапредување на работата. Способен е да управува со сопственото учење, кариерата и работните рутини и е истраен кон автономното учење.<br><br>**Социјални/општествени и граѓански компетенции**<br>Во секојдневното опкружување, способен е да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта, да создава доверба, да покажува флексибилност и адаптибилност за новонастанати ситуации и да е мотивиран за работа во сопствената област. Позитивен однос кон професионалните етички норми и вредности.<br><br>**Чувство за иницијатива и претприемништво**<br>Покажува иницијатива за креативни решенија за потребите на клиентите и креира технички решенија. |

| | |
|---|---|
| | **Културолошка свест и културно изразување**<br>Го препознава и почитува креативниот израз на идеи и искуства, поврзувајќи ги со самоподобрувањето на членовите на тимот. Ги приближува сопствените креативни ставови со размислувањата на другите членови на тимот, со што ќе се подобри ефикасноста во нивното работење. |

| | |
|---|---|
| **Посебни услови** | Операторот со технолошките процеси за обработка на дрвото и плочите може да биде претприемач со пристап до неколку машини, кој има потреба од дополнително ангажирање на надворешни соработници и мануелно производство како и целокупниот спектар на компетенции за водење на мал бизнис. Во поголеми организации, Операторот со технолошките процеси за обработка на дрвото и плочите може да биде високо стручен само во неколку од компетенциите на струката кои се наведени тука |

| | |
|---|---|
| **Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди** | • Закон за работни односи<br>• Закон за безбедност и здравје при работа<br>• Закон за заштита на животна средина<br>• Закон за заштита на лични податоци<br>• Закон за отстранување отпад<br>• Стандарди за квалитет на производите<br>• Закон за ДДВ<br>• Закон за заштита на потрошувачи<br>• Закон за контрола на квалитетот |

| | |
|---|---|
| **Донесен од:** | Министерство за труд и социјална политика |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на одобрување** | Решение бр.08-7765/29<br>Од 30.11.2017 година | **Датум на ревизија** | |